# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 12 јули 1969
Скопје
Број 27 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 3,20 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**242.**

Врз основа на член 102 став 2 од Законот за високото школство во Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 15/65, 29/65 и 9/68), Извршниот совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ БРОЈОТ НА СТУДЕНТИТЕ ШТО МОЖАТ ДА СЕ ЗАПИШАТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

1. На Медицинскиот факултет во Скопје запишувањето на прва година во учебната 1969/70 година се ограничува на следниот број студенти:

а) на Медицинскиот отсек — 250 редовни студенти;

б) на Стоматолошкиот отсек — 100 редовни студенти.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 12-1548/1
13.VI.1969 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
д-р **Ксенте Богоев,** с.р

---

**243.**

Врз основа на член 28 точка 3, 4 и 6 од Законот за жичари („Службен весник на СРМ“ бр. 35/67), републичкиот секретар за индустрија и трговија донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАКАЈОТ НА ЖИЧАРАТА

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на обезбедувањето на провалиите и другите опасни места во близината на патничката станица на жичарата, поставувањето на натписи и други знаци и опремата за спасување на луѓето и средствата за прва помош во станицата на жичарата.

Член 2

Провалиите и опасните места во најблиската околина на станицата (опасни места) се обезбедуваат со ограда во висина од најмалку 110 см.

Под најблиската околина на патничката станица на жичарата се сметаат местата во непосредна околина на станицата што служат за задржување и одмор на патниците и за разгледување на непосредната околина на станицата.

Оградата од плетена жица (мрежа) мора да биде цврста и може да има отвори но најмногу до 5 x 5 см.

Ако оградата е направена од водорамни делови, оддалеченоста меѓу теренот и првата пречка на теренот може да изнесува најмногу 20 см., а оддалеченоста меѓу одделни пречки 30 см.

Ако оградата е направена од вертикални делови оддалеченоста помеѓу деловите може да изнесува најмногу 10 см.

Член 3

Ако со оградата не е обезбедено целото опасно место, на крајот на оградата треба да се постави потребен знак или натпис за предупредување.

Кога постојаната ограда е под снег, опасните места се обезбедуваат со привремена ограда или со поставување на потребни знаци односно натписи за предупредување.

Член 4

Натписите и другите знаци за предупредување на патниците во станиците и возилата на жичарата се поставуваат на места кои се прегледни и достапни на патниците.

Член 5

Натписите од претходниот член содржат предупредување на патниците за опасноста која ги загрозува, за ограничување на движењето и за забраните и обврските на кои мораат да се придржуваат при користењето на жичарата.

Член 6

Постоењето на локална односно општа опасност од снежни лавини што го загрозуваат движењето во околината на станицата мора да се означи со табла на која ќе се испишат зборовите „локална опасност од снежна лавина“ односно „општа опасност од снежна лавина“.

Таблите од претходниот став мораат да бидат во форма на правоаголник со димензии најмалку 60 x 40 см. испишани со црвени букви на жолта основа.

Член 7

Известувањата за патниците мораат да ги опфатат следните податоци:

1. за поважните туристички патеки, скијалишта и скијачки пруги во околината на жичарата, како и за опасностите на истите што ги загрозуваат патниците;

2. за временските прилики;

3. за снежните врнежи во близината на станицата (видот и висината на снегот, замрзнатоста на одделни терени и слично).

Член 8

Известувањето за временските прилики се објавува врз основа на временската прогноза на Републичкиот хидрометеоролошки завод, односно врз основа на податоците од локалната хидрометеоролошка станица, ако е таа поверодостојна.

Известувањето за временските прилики особено ги содржи овие главни податоци:

1. „убаво време“

2. „променливо време“

Член 9

Секоја станица на патничката жичара мора да ја има најмалку следната опрема: пет гламњи, два воздушна душека, опута (лента) должина 5 м. и ширина 25 мм, 5 лопати за снег, јаже, две носилки, лесна секира, две термос шишиња по 1 литар, две петролејски ламли, десет маркирни знаменца за лавини, две вреќи за спиење, мегафон за озвучување, ракетен пиштол и компас.

Секоја станица на патничката жичара освен почетната, мора да располага и со опрема за спасување и тоа најмалку два чамца кај жичара со кабина односно еден чамец кај жичара со седишта.

Член 10

Секоја станица на патничката жичара мора да ги има намалку следните средства за прва помош: пет парчиња стерилна газа од 1/4 метар, две крамерови шини, натезна шина — неуреутхер, пет завои во различни величини, ножички, две грејни хемиски врекички, завои за прва помош тип 1 и 2, две триаголни марами и пет пакетчиња вата.

Член 11

Во зградата на секоја станица на патничката жичара или во друга погодна зграда во непосредна близина на станицата, мора да има посебна просторија за задржување на повредените и спасувачите.

Просторијата од претходниот став мора да ја има најмалку следната опрема: две комплетни легла со килимче пред секое легло, две ноќни долапчиња или соодветна полица, маса, четири стола. миалник со прибор за миење и крпа за лице.

Член 12

Овој правилник влегува со сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 01-2900/1
13 јуни 1969 година
Скопје

Републички секретар за
индустрија и трговија.
инж. **Стојан Маткалиев**, с. р.

**244.**

Врз основа на член 28 точка 8 од Законот за жичари („Сл. весник на СРМ" бр. 35/67), републичкиот секретар за индустрија и трговија донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА СТРУЧНАТА СПОСОБНОСТ НА РАБОТНИЦИТЕ НА САМОСТОЈНИ РАБОТНИ МЕСТА ВО МАШИНСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ НА ЖИЧАРАТА

Член 1

На самостојните работни места во машинското одделение на жичарата можат да работат само работници што имаат стручна квалификација и работно искуство пропишани со овој правилник.

Член 2

Стручна квалификација за самостојна работа во машинското одделение на жичарата е потребна за следните самостојни работни места:

1. за раководење со работата и одржувањето на машинското одделение на жичарата (раководна работа),
2. за управување со машинските уреди на жичарата (машинска работа),
3. за управување со електричните уреди на жичарата (електричарска работа).

Член 3

Раководна работа може да врши работник:

1. кој има завршено најмалку среднотехничка школа (машинска односно електро-техничка насока);
2. кој по завршената школа од претходната точка обавувал стручна работа во машински односно електротехнички погони со најмалку 3 години работна практика во струката.

Член 4

Машинска работа може да врши работник кој има завршено најмалку стручна школа за квалификуван работник од металска струка и најмалку 3 години работна практика во металската струка, а од тоа најмалку 6 месеци на машинска работа на жичара.

Член 5

Електричарска работа може да врши работник кој има завршено најмалку стручна школа за квалификуван работник од електричарска струка и најмалку 3 години работна практика од електричарска струка, а од тоа најмалку 6 месеци на електричарска работа на жичара.

Член 6

Организацијата што управува со жичарата ќе го определи рокот до кој лицата што ќе ги исполнуваат условите предвидени со овој правилник, можат да останат на работа на самостојните работни места во машинското одделение на жичарата.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 01-2901/1
13 јуни 1969 година
Скопје

Републички секретар за
индустрија и трговија,
инж. **Стојан Маткалиев**, с. р.

**245.**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за жичари („Сл. весник на СРМ" бр. 35/67), републичкиот секретар за индустрија и трговија донесува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЖИЧАРИ ШТО СЕ СМЕТААТ ЗА МАЛИ

Член 1

Жичарите чии иматели ги употребуваат за превоз на стока за сопствени потреби се сметаат за мали ако се на речен погон или на моторен погон со сила најмногу до 5,5 кв., односно 7,5 кс. и доколку корисното оптеретување на жичарата не преминува 250 кгр.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 01-2902/1
13 јуни 1969 година
Скопје

Републички секретар
за индустрија и трговија,
инж. **Стојан Маткалиев**, с. р.

**246.**

Врз основа на член 28 точка 9 од Законот за жичари „Службен весник на СРМ“ бр. 35/67), републичкиот секретар за индустрија и трговија донесува

## УПАТСТВО
## ЗА ПОДАТОЦИТЕ ШТО ТРЕБА ДА ГИ СОДРЖИ ПОТВРДАТА ЗА СПОСОБНОСТ НА ЖИЧАРАТА ЗА РАБОТА И ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА

Член 1

Потврдата за способност за работа на жичарата што се издава по извршениот преглед, во смисла на член 14 од Законот за жичари, ги содржи следните податоци:

1. денот на извршениот преглед;
2. означување дали е прегледот редовен или вонреден;
3. констатација за состојбата на жичарата;
4. оценка за способноста за работа на жичарата и
5. ограничување или посебни услови за работа на жичарата.

Член 2

Потврдата за способност за работа на жичарата се издава според образецот што е составен дел на ова упатство.

Член 3

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Број 01-2903/1
13 јуни 1969 година
Скопје

Републички секретар
за индустрија и трговија,
инж. **Стојан Маткалиев**, с. р.

ОБРАЗЕЦ
за потврдата за способност за работа на жичарата

Врз основа на член 16 став 1 од Законот за жичари ——————————
(име/фирма) на овластената стручна организација
—————— по извршениот редовен —
што ја издава (потврдата)
вонреден преглед на ден—————— ја издава след-
(ден, месец и година)
ната

ПОТВРДА
за способност за работа на жичарата

——————————
(вид, место и име на жичарата)
со која управува ——————————
(име/фирма) и седиште на орга-
——————————
низацијата што управува со жичарата)
——————————
(констатација за состојбата на жичарата)
——————————
(оценка дали жичарата е способна за работа)
——————————
(ограничување и посебни услови за работа на жи-
——————————
чарата)

Број ——————
дата ——————
место ——————

Потпис на овластеното
стручно лице,
——————————

**247.**

Врз основа на член 166 став 2 од Законот за основното училиште („Службен весник на СРМ“ бр 7/69), републичкиот секретар за образование, наука и култура донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ВОДЕЊЕ ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Педагошката евиденција во основното училиште се води според одредбите на овој правилник.

Член 2

За внесување податоци на педагошката евиденција основното училиште води:

1. Матична книга на редовните ученици;
2. Матична книга на вонредните ученици;
3. Одделенска книга;
4. Записник за поправните, одделенските и вонредните испити;
5. Личен картон за податоците за физичкиот развиток и способностите на ученикот.

Член 3

Врз основа на податоците од педагошката евиденција од претходниот член основното училиште на учениците им издава:

1. Ученичка книшка на редовните ученици;
2. Книшка (индекс) на вонредните ученици;
3. Свидетелство за завршено основно училиште;
4. Свидетелство за завршено основно образование на возрасните;
5. Преведница за премин од едно во друго основно училиште.

Член 4

Педагошката евиденција се води на обрасци кои се составен дел на овој правилник.

### II. КНИГИ НА ПЕДАГОШКАТА ЕВИДЕНЦИЈА

Член 5

Во матичната книга на редовните ученици на основното училиште се внесуваат податоци за: редниот број под кој е запишан ученикот, редните броеви под кои ученикот се води во одделенските книги во одделенијата што ги учел во текот на школувањето, податоци за личното име на ученикот, за успехот во текот и на крајот на школувањето, како и други податоци во врска со школувањето.

Член 6

Во матичната книга на вонредните ученици во основното училиште се внесуваат податоци за редниот број под кој е запишан вонредниот ученик, за личното име на ученикот, за полагањето на вонредните испити по предмети и за успехот во текот и на крајот на школувањето.

Член 7

Извршениот упис на ученикот во матичната книга важи до крајот на школувањето во тоа училиште односно до преминувањето во друго училиште.

Ако ученикот повторно се враќа во училиштето во кое бил порано запишан, уписот на таков ученик во матичната книга се врши под нов реден број со тоа што во забелешката се означува поранешниот број на матичната книга.

Член 8

Одделенската книга се води по паралелки и по учебни години.

Во одделенската книга се внесуваат податоци за: личните имиња на учениците во паралелката, оценките на успехот и поведението, за работата на паралелката по денови и часови, за седниците на наставничкиот колегиум на паралелката, за состаноците со родителите како и други податоци во врска со наставно-воспитната работа на паралелката.

Член 9

Записниците за поправните, одделенските и вонредните испити се водат одделно за секој ученик односно кандидат и во нив се внесуваат податоци за: личното име на ученикот, за текот и успехот на полагањето на испитот, како и за членовите на испитната комисија што го спроведувала испитот.

Член 10

Личниот картон за податоците за физичкиот развиток и способностите се води за секој ученик од V до VIII одделение и содржи податоци за физичкиот развиток и способностите на ученикот (резултати на брзината, снагата, издржливоста и окретноста), и за учеството на учениците во други воспитни активности.

Член 11

Внесувањето на податоците за личното име на ученикот во педагошката евиденција се врши врз основа на извод од матичната книга на родените.

Податоците што се однесуваат на школувањето на ученикот во училиштето во матичната книга се пренесуваат од одделенската книга.

Член 12

Матичните книги претставуваат евиденција од трајна вредност.

Другата педагошка евиденција се чува најмалку осум години.

Член 13

Во случаите кога во педагошката евиденција е извршен погрешен упис, можат да се вршат исправки.

За вршење на исправката ученикот поднесува писмено барање во кое ги наведува погрешно внесените податоци и предлага нивно исправување. Кон барањето ученикот поднесува докази врз кои го засновува барањето.

Исправката во матичната книга се врши така што со црвено мастило со тенка линија се прецртува податокот што се исправува и над него со истото мастило се испишува исправениот податок, а по тоа во забелешка се внесува бројот на решението со кое се врши исправката и забелешката се заверува со потпис на директорот и печат на училиштето.

Ако пред извршената исправка е издадено свидетелство односно ученичка книшка, исправката на свидетелството, односно ученичката книшка се врши врз основа на податоците во матичната книга. Постапката за исправката на свидетелството односно ученичката книшка е иста како и за матичната книга.

## III. ИЗДАВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ИСПРАВИ

Член 14

Ученичка книшка им се издава на редовните ученици во основното училиште.

Книшка (индекс) им се издава на лицата што полагаат вонредни испити во основното училиште.

Ученичката книшка и книшката (индекс) е јавна исправа која служи како доказ за својството на ученик и за текот и успехот на неговото школување.

Во ученичката книшка се внесуваат податоци за личното име на ученикот, успехот на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година, пофалби, награди и дисциплински мерки, обавестувања и други податоци што се од значење за школувањето на ученикот.

Во книшката (индекс) покрај податоците за личното име, се внесуваат и податоци за полагањето на вонредните испити по одделни предмети; успехот постигнат на испитите и други податоци од значење за школувањето на ученикот.

Член 15

На ученичката книшка односно книшката (индекс) се прилепува лична фотографија во големина 6,5 x 4,5 см. која се оверува со училишниот печат.

Под просторот на фотографијата ученикот се потпишува своерачно.

Член 16

Издадената ученичка книшка односно книшката (индекс) важи до завршувањето на школувањето во основното училиште.

Член 17

Ученикот ја чува ученичката книшка односно книшката (индекс) и на барање од училишните органи ја предава за внесување на потребни податоци.

Член 18

Ученикот кој преминува во друго училиште ја задржува издадената ученичка книшка односно книшката (индекс) со тоа што училиштето во кое преминал ја заверува нејзината натамошна важност.

Член 19

Свидетелство за завршено основно училиште им се издава на учениците што го завршиле VIII одделение на основното училиште.

Свидетелство за завршено основно образование на возрасните им се издава на лицата што ја завршиле IV година на основното образование на возрасните.

Во свидетелството за завршено основно училиште односно за завршено основно образование на возрасните покрај податоците за личното име се внесуваат оценки од сите наставни предмети што се учеле во основното училиште, оценката по поведение и оценка за општиот успех.

Свидетелството го потпишува директорот на училиштето и го заверува со училишниот печат.

Член 20

Преведница се издава кога ученикот преминува од едно во друго основно училиште.

Преведницата службено се доставува на училиштето во кое ученикот преминува.

Преведницата покрај општите податоци за ученикот содржи и податоци за дотогашниот успех, датата на преминувањето и бројот на ученичката книшка што му е издадена.

Училиштето во кое ученикот преминува го известува училиштето што го посетувал порано дека ученикот е запишан.

Член 21

Ученичката книшка односно книшката (индекс) на ученикот му се издава во почетокот на учебната година во која ученикот го започнал школувањето.

Свидетелството за завршено основно училиште и свидетелството за завршено основно образование на возрасните се издава по завршувањето на школувањето.

Ако на ученикот по која и да е причина не му е врачено свидетелството, тоа се чува во матичната книга и му се предава тогаш кога ученикот ќе дојде да го прими.

Свидетелството се предава на потпис во матичната книга со ознака на бројот и датата под кои е издадено.

Член 22

Свидетелството за завршено основно училиште, свидетелството за завршено основно образование на возрасните и ученичката книшка односно книшката (индекс) се пополнуваат и издаваат во еден примерок (уникат).

Член 23

Во случај издадената училишна исправа од претходниот член да се загуби, уништи или на друг начин нестане на ученикот може да му се издаде дупликат.

Дупликатот се издава на начин како и уникатот со тоа што пред називот на исправата се става зборот „дупликат".

Во дупликатот се внесуваат податоците од матичната книга како и ознака на потписите на овластените лица што го потпишале изгубениот уникат. На крајот дупликатот го заверува директорот на училиштето со клаузула:

„Дека податоците на овој дупликат свидетелство на——————— за завршено основно училиште се точно пренесени од матичната книга на ова училиште".

Број ——— 19—— г. Директор,

——————— ———————————

Пред потписот на директорот на клаузулата се става училишниот печат.

Ако во времето на издавањето на дупликатот престанал да важи образецот на кој бил издаден уникатот, дупликатот се издава на образец што е во важност на денот на издавањето на дупликатот.

Дупликатот во сè го заменува уникатот.

## IV. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА МАТИЧНА КНИГА

Член 24

Ако матичната книга во случај на пожар, поплава и други елементарни непогоди се уништи, може да се изврши реконструкција (обновување) на уништената матична книга.

Член 25

За обновување на матичната книга се води посебна постапка.

За покренување на оваа постапка училиштето донесува одлука и именува комисија која ќе раководи со обновувањето. Комисијата ги повикува сите лица кои биле воведени во матичната книга што е предмет на обновување да доставаат пријави со сите потребни податоци поткрепени со веродостојни документи, за воведување во реконструираната матична книга. Пристигнатите пријави во определениот рок Комисијата ги разгледува, ја утврдува нивната веродостојност и доколку установи дека податоците се точни ги воведува пријавените лица во обновената матична книга и ги внесува сите потребни податоци.

Реконструираната матична книга потоа се става на увид на граѓанството со покана дека секој оној кој знае дека некој податок што е внесен во матичната книга не одговара на вистината треба да го извести училиштето.

Откако ќе измине рокот за прибирање на известувањата од граѓанството, предметот со образложен предлог комисијата му го доставува на училиштето заради потврдување на обновената матична книга.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 26

Овој правилник влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од почетокот на учебната 1969/70 година.

Број 03-1854/1
17 јуни 1969 година
Скопје

Републички секретар
за образование, наука и култура,
**Томислав Чокревски,** с.р.

Образец бр. 1

(формат 353 х 500)

Основно училиште „——————————"

во ——————————————

Општина ——————————————

Социјалистичка Република Македонија

МАТИЧНА КНИГА ———

на редовните ученици во основното училиште

Од реден број ——— во учебната 19/—— година

До реден број ——— во учебната 19/—— година

ДИРЕКТОРИ НА УЧИЛИШТЕТО

| Презиме и име | Од | До |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Реден број____________________

____________________

(Презиме и име на ученикот)

роден-а на_______ 19_____ г. во____________________

Општина____________________ СР____________________

Државјанин на ____________________

Запишан за редовен ученик во учебната 19____/____ год.

____________________

(Презиме и име, занимање и адреса на родителот односно старателот)

Преминал од ____________________

(назив и седиште на училиштето од кое ученикот преминал) со завршено ________ одделение

Број на матичната книга____________________.

Издадено му-й е:

Преводница за премин во____________________

(назив и седиште на училиштето во кое ученикот преминал)

Под број____________

од____________ 19_______ г.

Испишан од сва училиште на____________ 19_______ г. поради____________ со завршено____________ одделение.

## УСПЕХ ВО ТЕКОТ НА ШКОЛУВАЊЕТО

| ПРЕДМЕТИ | Учебна 19___/___ | Учебна 19___/___ | Учебна 19___/___ | Учебна 19___/___ | Учебна 19___/___ | Учебна 19___/___ | Учебна 19___/___ | Учебна 19___/___ | Учебна 19___/___ | Учебна 19___/___ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Одел. и парален. | Одел. и парален. | Одел. и парален. | Одел. и парален. | Одел. и парален. | Одел. и парален. | Одел. и парален. | Одел. и парален. | Одел. и парален. | Одел. и парален. |
| | Бр. на оддел. книга | Бр. на оддел. книга | Бр. на оддел. книга | Бр. на оддел. книга | Бр. на оддел. книга | Бр. на оддел. книга | Бр. на оддел. книга | Бр. на оддел. книга | Бр. на оддел. книга | Бр. на оддел. книга |
| | Годишни оценки | Годишни оценки | Годишни оценки | Годишни оценки | Годишни оценки | Годишни оценки | Годишни оценки | Годишни оценки | Годишни оценки | Годишни оценки |
| Мајчин јазик | | | | | | | | | | |
| Следуваат сите предмети според наставниот план) | | | | | | | | | | |
| Поведение | | | | | | | | | | |
| Општ успех | | | | | | | | | | |
| Според покажаниот успех ученикот (го заврши или го повторува) одделението | | | | | | | | | | |
| Потпис на раководителот на паралелката | | | | | | | | | | |

Според покажаниот успех ученикот во учебната 19_____/_____ год. го заврши основното училиште со општ успех ____________________.

Издадено свидетелство:

Уникат бр. од ____________________ 19_____ год. Примил ____________________ ДИРЕКТОР ____________________

Дупликат од ____________________ 19_____ год. Примил ____________________ ДИРЕКТОР ____________________

Образец бр. 2

(Формат 353 x 500)

Основно училиште ——————
во ——————————
Општина ——————————
Социјалистичка Република Македонија

МАТИЧНА КНИГА

на вонредните ученици во основното училиште
Од реден број ——— во учебната 19—/— година
До реден број ——— во учебната 19—/—година

ДИРЕКТОРИ НА УЧИЛИШТЕТО

| Презиме и име | Од | До |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

Реден број —————

———————————————
(Презиме и име на ученикот)

Роден-а на ———19——— година

во Општина ——————— СР ——————

Државјанин на ——————————

Запишан за вонреден ученик во учебната 19—/— година

———————————————
(Презиме и име и занимање на родителите)

Преминал од ——————————
(назив и седиште на училиштето од кое ученикот преминал) со завршено ——— одделение

Број на матичната книга ——————

Престана да полага вонредни испити во ова училиште на ——— 19——— година поради——————

———————————————

со завршено ——————— година ——————— одделение.

Издадено му — и е:

Книшка (индекс) под бр. ——— од ——— 19——— година

Преводница под бр.——————

од ——— 19——— година

НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ПО КОЈА СЕ ПОЛАГА ИСПИТОТ
(за редовни — за возрасни)

| ПРЕДМЕТИ | Одделение (година) | | Одделение (година) | | Одделение (година) | | Одделение (година) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | испит. оценка | бр. и датум на запис. | испит. оценка | бр. и датум на запис. | испит. оценка | бр. и датум на запис. | испит. оценка | бр. и датум на запис. |
| Мајчин јазик | | | | | | | | |
| (Следуваат сите предмети според наставниот план) | | | | | | | | |
| Општ успех | | | | | | | | |
| Според покажаниот успех ученикот го заврши или го повторува одделението — годината | | | | | | | | |

Според покажаниот успех ученикот во учебната 19——/—— година го заврши основното училиште ——————— основно образование на возрасните со општ успех ———————.

Издадено свидетелство за завршено основно училиште — основно образование на возрасните.

Уникат бр. ——— од ——— 19——/—— Примил—————— Директор ——————————

Дупликат бр. ——— од ——— 19—/— Примил ——— Директор——————

Образец бр. 3

Формат 297 x 420

Основно училиште „——————————"

во ——————————

Одделение и паралелка ——————————

Учебна година ——————————

# ОДДЕЛЕНСКА КНИГА

за работа на паралелките во основното училиште

Раководител на паралелката

| Презиме и име | Од | До |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

## I

## НАСТАВЕН ПЛАН

Според кој се изведува наставата

| Ред. бр. | Назив на предметот | Пропишан број на часови | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | | неделно | годишно | |
| 1. | Мајчин јазик<br>(следуваат сите предмети според наставниот план) | | | |
| | ВКУПНО: | | | |

## II

План на слободните активности

| Ред. бр. | Вид на активноста | Пропишан број на часови | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | | неделно | годишно | |

## III

План за работа на физичкото и здравственото воспитување

| Ред. бр. | Вид на работата | Планиран број на часови | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | | неделно | годишно | |

## IV

План на општествената, културната и јавната дејност

| Ред. бр. | Вид на дејноста | Планирано број на часови | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| | | неделно | годишно | |

Раководител на паралелката,

Распоред на часовите по предмети од —— до —— 5 — 6

| Денови | Часови | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| Понеделник | | | | | | | | |
| Вторник | | | | | | | | |
| Среда | | | | | | | | |
| Четврток | | | | | | | | |
| Петок | | | | | | | | |
| Сабота | | | | | | | | |

Раководител на паралелката,

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | |

Распоред на писмените работи 7 — 8

| Месеци | Писмена работа | Предмети | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | |
| | | Дата | | | | | | | |
| Октомври | Планирана | | | | | | | | |
| | Работена на | | | | | | | | |
| | Поправка | | | | | | | | |
| Ноември | | | | | | | | | |
| Декември | | | | | | | | | |
| Јануари | | | | | | | | | |
| Февруари | | | | | | | | | |
| Март | | | | | | | | | |
| Април | | | | | | | | | |
| Мај | | | | | | | | | |

Раководител на паралелката,

9—12 страна

Теми за писмена работа

1. Мајчин јазик

2. —————— јазик

3. ——————

13—16 страна

## ЛЕКТИРА

| |
|---|
| 1. Мајчин јазик |
| |
| |
| 2. ——————— јазик |
| |
| |
| 3—6 |
| |
| |

17—18 страна

## Екскурзии, работни акции и производна работа

| |
|---|
| |
| |
| |
| |
| |

19—20 страна

## Посета на музеи, галерии, театри, кина и други научни и културни установи

| |
|---|
| |
| |
| |

21—42 страна

## ПРОЗИВНИК НА УЧЕНИЦИТЕ И ОЦЕНКИ ЗА НИВНИОТ УСПЕХ И ПОВЕДЕНИЕ

| Ред. бр. на | | Презиме и име на ученикот | Оценки на успехот по полугодија | | | | | | | | | | Изостаноци | | | | | | Пофалби награди и дисциплински мерки | Презиме и име, занимање и адреса на родителот-старателот | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Мајчин јазик | | | | Следуваат сите предмети по наст. план | | | | Поведение | | оправдани | | | неоправдани | | | | | |
| одделенската книга | матичната книга | | I | | II | | I | | II | | I | II | I | II | Се | I | II | Се | | | |
| | | | у | п | у | п | у | п | у | п | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Полугодишна оценка | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Оценка од продолжителната настава | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Оценка од поправниот испит | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Годишна оценка | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Според покажаниот успех ученикот | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

го ——————————— одделението Со општ успех ————————
(заврши или го повторува)

Раководител на паралелката

————————————

43

I

## ДНЕВНИК ЗА НАСТАВНАТА РАБОТА ВО ТЕКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА
НА ———————— одделение и паралелка

Стр. 45—120

Дежурни ученици:

1. ————————————
2. ————————————

| Дата и ден | Редовна настава | | | | | | | | | | Дополнителна настава | | | | | Додатна настава | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Предмети и наставни единици | | | | | | не дошле | Изостаноци | | Причини на изостаноците | Предмети и наставна единица | | не дошле | Изостаноци | | Причини на изос. | Предмети и наст. ч. | | Бр. на присутни ученици |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | | оправдани | неоправдани | | 1 | 2 | | оправдани | неоправ. | | 1 | 2 | |
| понеделник | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| вторник | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| среда | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| четврток | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| петок | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| сабота | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Страна 121

II

## ДНЕВНИК НА СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ

Страна 123—158

| Дата и ден | Вид на слободната активност | Број на часови | Број на присутни ученици | Потпис на наставникот |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Страна 159

III

## ДНЕВНИК НА РАБОТАТА НА ФИЗИЧКОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ВОСПИТУВАЊЕ

Страна 161—180

| Дата и ден | Вид на работата | Број на часови | Број на присутни ученици | Потпис на наставникот |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Страна 181

IV

## ДНЕВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА И ЈАВНА ДЕЈНОСТ

страна 183—192

| Дата и ден | Вид на дејноста | Број на часови | Број на присутни граѓани | Потпис на раководителот на паралелката |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

193—204

## ЗАПИСНИЦИ НА НАСТАВНИЧКИОТ КОЛЕГИУМ НА ПАРАЛЕЛКАТА

| |
|---|
| |
| |
| |

205—216 страна

## ЗАПИСНИЦИ ОД СОСТАНОЦИ СО РОДИТЕЛИТЕ

| |
|---|
| |
| |
| |

217 страна

## СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД ЗА БРОЈОТ И УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ

| Ученици по упис и успех | м. | ж. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| А. Бројот на учениците во текот на годината | | | |
| 1. Запишани во почетокот на учебната година | | | |
| 2. Запишани во текот на учебната година | | | |
| 3. Вкупно запишани: | | | |
| 4. Испишани во текот на учебната година | | | |
| 5. Останале на крајот на учебната година | | | |
| Б. Општ успех на учениците на крајот на учеб. година | | | |
| 1. Одлични | | | |
| 2. Многу добри | | | |
| 3. Добри | | | |
| 4. Доволни | | | |
| 5. Преведени во погорно одделение со негативна оценка | | | |
| 6. Упатени на продолжителна настава | | | |
| 7. Упатени на поправен испит | | | |
| 8. Упатени на одделенски испит | | | |
| 9. Упатени да го повторат одделението | | | |
| Успех на учениците на поправниот, одделенскиот испит | | | |
| а) положиле | | | |
| б) неположиле | | | |

| Број на учениците на крајот на учебната година кои: а) го завршиле одделението | м. | ж. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| б) не го завршиле одделението | | | |

Образец бр. 4
(формат 21 x 30 см.)

Основно училиште „———————————————“
Д. број ——————
——————19—— год.
——————————

## ЗАПИСНИК

за полагање ———————————————— испит
(поправен, одделенски, вонреден)
ученикот ——————————————
син — ќерка на ——————————————
роден-а ——————— 19—— год. во ———————
општина ——————— СР ———————
——————— државјанство ———————
полагаше ——————— испит за ———————
одделение на Основното училиште по долуозначените предмети
Идентитетот утврден на основа ———————

| Број и дата на пријавата | Дата на полагањето | Предмет | Писмена задача на испитот | Оценка на писмена задача | Прашања на усниот испит | Утврдена општа оценка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

(* Кон записникот се прилага пријавата за испит

Место за издвоени мислења на одделни членови на Испитната комисија
——————————————————
——————————————————

Според покажаниот успех ученикот го — не положил ——————— испитот за ——— одделение — Година и со тоа го заврши одделението со општ успех ——————— — го повторува одделението*)

Податоците и оценките од овој записник се внесени во матичната книга на училиштето страна ——— број ———————*)

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ИСПИТНАТА КОМИСИЈА,
——————————

ЧЛЕНОВИ:
1. ——————————
2. ——————————
3. ——————————
4. ——————————
5. ——————————

*) Податоците во последните два става се пополнуваат при утврдувањето на општиот успех по сите предмети од одделението — годината.

Образец број 5
(формат 21 x 30 см)

Основно училиште
——————————

Место ——————————
Општина ——————————
СР Македонија

## ЛИЧЕН КАРТОН

за податоците за физичкиот развиток на ученикот

———————————————— роден ————————————
(презиме и име на ученикот) (дата на раѓањето)

**Податоци за извршените мерења**

| Одделение | Дата на мерење | Висина | Тежина | Витален капацитет | Држење на телото (А—Б) | | | Забелешка за ослободување од телесно вежбање и др. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| V | | | | | | | | |
| VI | | | | | | | | |
| VII | | | | | | | | |
| VIII | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |

**Фреквенција на пулсот (по потреба):**



А — Добро Б — Лошо (не добро)

**Проверување на физичките способности на ученикот**

| Задачи | | | Одделение | | | | | | | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | V | VI | VII | VIII | | | | | |
| трчања | | Брзи | | | | | | | | | |
| | | истрајни | | | | | | | | | |
| | | крос | | | | | | | | | |
| фрлања | | Топче | | | | | | | | | |
| | | ѓуле | | | | | | | | | |
| скокања | | во височина | | | | | | | | | |
| | | во далечина | | | | | | | | | |
| качување | | по јаже | | | | | | | | | |
| вежбање на справи | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| спортски игри | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| Учество во другите воспитни активности | натпревари во игри | одделенски | | | | | | | | | |
| | | училишни | | | | | | | | | |
| | | меѓуучилишни | | | | | | | | | |
| | натпревари во атлетика | одделенски | | | | | | | | | |
| | | училишни | | | | | | | | | |
| | | меѓуучилишни | | | | | | | | | |
| | натпревари во справи | одделенски | | | | | | | | | |
| | | училишни | | | | | | | | | |
| | | меѓуучилишни | | | | | | | | | |
| | Пливање | | | | | | | | | | |
| | Скијање | | | | | | | | | | |
| | организации за физичка култура | | | | | | | | | | |

Образец бр. 6
(формат 10 х 15)

Обвивка прва страна

СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

УЧЕНИЧКА КНИШКА
за редовни ученици на основното училиште

Обвивка 2 страна

Место за фотографијата (4,5 х 6 см)

(потпис на ученикот)

Пропишано со Правилникот за водење педагошка евиденција во основното училиште („Службен весник на СРМ“ број 27/69)

Внатрешни листови стр. 1

Број на матичната книга ——— страна———

(презиме и име на ученикот)

роден-а на ———19——— година во ———
општина ———, СР ———

државјанин на ——— е запишан за редовен ученик на Основното училиште, во учебната 19——/—— година во ——— 196——— година.
(презиме и име, занимање и адреса на родителот старателот)

(м. п.)

Директор,

Ученикот престана да го посетува ова училиште на ден ——— 19——— година поради ——— .

(м. п.)

Директор,

Ученикот ———
преминал-а во ———
(Назив и седиште на училиштето во кое ученикот преминува) и е запишан во матичната книга на редовните ученици на ова училиште под бр. ——— стр. ——— на ден ——— 19——— година
(м. п.)

Директор,

Ученикот престана да го посетува ова училиште на ден——— 19—— година поради——————

(м.п.) Директор,

Ученикот преминал-а во——————— (назив и седиште на —————————— и е запишан во училиштето во кое ученикот преминува) матичната книга на редовните ученици на ова училиште под бр.——— стр.——— на ден ——— 19——— година.

(м.п.) Директор,

Внатрешна страна 4-5

Ученикот ——————— е запишан во
(презиме и име)

——— одделение во учебната 19—/— година.

Реден број на матичната книга——————

Реден број на одделенската книга ——————

Оценки* за успехот и поведението во првото полугодие:

| Предмети по наставниот план | Полугодишна оценка |
|---|---|
| Мајчин јазик | |
| Следуваат и другите предмети по наставниот план | |
| Поведение | |

Изостаноци: оправдани—— неоправдани ———
Во——— 19,—— година

Прочитал,
родител-старател

РАКОВОДИТЕЛ НА ПАРАЛЕЛКАТА.

Страна 6 и 7

Ученикот е упатен да посетува продолжителна настава по предметите:

——— 19—— година

РАКОВОДИТЕЛ НА ПАРАЛЕЛКАТА,

Ученикот е упатен на поправен испит по предметите:

——— 1969 година

РАКОВОДИТЕЛ НА ПАРАЛЕЛКАТА,

Страна 8 и 9

**Годишни оценки за успехот и поведението**

Ученикот——————— учеше во
(презиме и име)

учебната 19—/— година——— пат во——— одделение и го покажа овој успех

| ПРЕДМЕТИ | год. оценка |
|---|---|
| Мајчин јазик | |
| (следуваат другите предмети по наставниот план) | |
| Поведение | |

Изостаноци: оправдани—— неоправдани———.
Според покажаниот успех ученикот ——————— (го заврши-го

——— одделение со општ успех——— повторува)
Во——— 19—— година.

Раководител на паралелката, Директор,

Прочитал: родител — старател,

*) За учениците кои се упатени на продолжителна настава односно на поправен испит се пополнува по завршувањето на продолжителната настава односно поправниот испит.

Образец број 7

(формат 10 x 15)

**СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА**
**СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Обвивка страна прва

КНИШКА (ИНДЕКС)

за вонредни ученици на основното училиште

Обвивка втора страна

(место за фотографијата)
(4,5 x 6 см)

(потпис на ученикот)

Пропишано со Правилникот за водење педагошка евиденција во основното училиште („Службен весник на СРМ“ број———/69.

Внатрешен лист стр. 1

Број на матичната книга———.

(презиме и име на ученикот)

Роден-а на—— 19—— година, во———

Општина——————— СР———, Државјанин на——————— е запишан за вонреден ученик на Основното училиште, во учебната 19—— година.

Во——————— ,——— 19—— година.
Директор,

Внатрешна страна 2 и натаму

ТЕК НА ПОЛАГАЊЕТО НА ВОНРЕДНИТЕ ИСПИТИ

| Дата на полагањето | Одделение —година | Предмет | Оценка од испитот | Потпис и печат |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

Според покажаниот успех по сите предмети предвидени со наставниот план, ученикот———— (презиме ———— го заврши———— одделение и име) ———— година со општ успех ————*)

(м.п.) Директор,

———

*) Се пополнува за вонредните ученици што ги положиле сите предмети предвидени со наставниот план за одделението—годината за која полагаат испити.

Образец бр. 8
(формат 21 х 30)

(Г р б)

**СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА**

**СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Основно училиште „————" во ————
Општина————, СР Македонија
Матична книга број ————

**СВИДЕТЕЛСТВО**

за завршено основно училиште

(презиме и име на ученикот)

роден-а———— 19—— година во————, Општина ————, Социјалистичка Република ———— државјанин————, учеше во учебната 19——/19—— година ОСМО ОДДЕЛЕНИЕ НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ и го постигна овој успех:

Мајчин јазик ———— ————
(следуваат сите предмети
по наставниот план) ———— ————
Поведение: ————

Според покажаниот успех ученикот го заврши основното училиште со општ успех ————.
Во————, ——19—— година. Дел. бр.———

(м.п.) Директор на училиштето,

————

Оценки за успехот: одличен (5), многу добар (4). добар (3), доволен (2).

Оценки за поведението: примерно, добро, незадоволително.

Образец бр. 9
(формат 21х30)

(Г р б)

**СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА**

**СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Основно училиште ————
во———— Општина———— СР Македонија
Матична книга број————

**СВИДЕТЕЛСТВО**

за завршено основно образование на возрасните

(презиме и име на ученикот)

роден-а на———— 19—— година, државјанство ———— ———— општина———— СР ———— државјанство ———— учеше во учебната 19——/—— година на IV година на основното образование на возрасните и го покажа овој успех:

Мајчин јазик ———— ————
(следуваат сите предмети
по наставниот план) ———— ————
Поведение ————

Според покажаниот успех ученикот го заврши основното образование на возрасните со општ успех————.
Во————, 19—— година Дел. бр.————

(м.п.) Директор,

————

Оценки за успехот: одличен (5), многу добар (4) добар (3), доволен (2).

Оценки за поведението: примерно, добро и незадоволува.

Образец бр. 10
(формат 21 х 30)

**СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА**

**СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Основно училиште „————" во———— ———— Општина————, СР Македонија
Матична книга бр.—— Одделенска книга бр.——

**ПРЕВОДНИЦА**

(презиме и име на ученикот)

роден-а на———— 19—— година во————, општина ———— Социјалистичка Република ———— државјанство———— учеше во учебната 19——/19—— година во———— одделение и го покажа овој успех:

Мајчин јазик ———— ————
(следуваат сите предмети
по наставниот план) ———— ———— ————
Поведение: ————

Изостаноци: извинети———— неизвинети————

Ученикот престана да го посетува ова училиште на ден ———— 19—— година поради————

На ученикот му е издадена ученичка книшка под бр. ———— од ———— 19—— година.
Во———— Дел. бр.———— од———— 19—— година.

Раководител на паралелката, Директор,

———— (м.п.) ————

ДО
ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „————
——————“

——————

Се известувате дека врз основа на преводницата издадена од вашето училиште Дел. бр.——— од ——— 19—— година, ученикот——————
(презиме и име)
е запишан во ова училиште под реден број на матичната книга——— страна———.

(м.п.) Директор,
——————

---

**248.**

Врз основа на членот 14 став 3 од Законот за жичари(„Сл. весник на СРМ“ број 35/67), Републичкиот секретаријат за индустрија и трговија донесува

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ РАБОТНИ ОРГАНИЗАЦИИ ПРЕГЛЕДИ НА ЖИЧАРИТЕ**

I

1. Стручно-техничките прегледи на жичарите во смисла на член 14 од Законот за жичари, се определува да ги вршат следните работни организации

— Заводот за техничка сигурност — Скопје,

— Заводот за испитување на материјали при архит. градежниот факултет — Скопје

— Центарот за примена на радио-изотопи во стопанството на СРМ — Скопје.

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија.“

Број 01-2904/1
13 јуни 1969 година
Скопје

Републички секретар за индустрија и трговија,
инж. **Стојан Маткалиев**, с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА И ДУЌАНИТЕ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 30. X. 1968 година, рег. бр. 5/56, книга II, е запишано следното: Се симнува присилната управа над Земјоделската задруга „Кадица“, с. Дупјачани, Прилеп.

В. д. директор на задругата е Станкоски Томислав.

Овластено лице за потпишување на задругата е Милошевски Томислав, шеф на сметководството.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 899/1 од 23. X. 1968 година на задружниот совет на Земјоделската задруга „Кадица“, с. Дупјачани, решението бр. 884 од 21. X. 1968 година и пресудата на Врховниот суд на Македонија, У. бр. 1565 од 18. IX. 1968 година. (2151)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 16. X. 1968 година, рег. бр. 188/55, книга I, е запишано следното: Занаетчиското производително и услужно претприајтие „Универзал“ — Битола, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд, поради присоединување кон Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ од Скопје.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 97-02 од 3. IX. 1968 година на работната заедница на Занаетчиското производително и услужно претпријатие „Универзал“ од Битола и одлуката бр. 19146 од 30. VIII. 1968 година на Централниот работнички совет на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ од Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 450/68. (2153)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 16. X. 1968 година, рег. бр. 8/63, книга I, е запишано следното: Се менува фирмата на Продавницата за чевли „Рефлекс“ — Битола и ќе гласи: Претпријатие за внатрешна и надворешна трговија „Рефлекс“ од Белград — Продавница „Рефлекс“ во Битола, ул „Први мај“ бр. 181-а.

Раководител и потписник на продавницата е Волчевски Блаже Илија.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 462/68. (2156)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. X. 1968 година, рег. бр. 15/63, книга I, е запишано следното: Се проширува дејноста на Земјоделското сточарско стопанство „11 октомври“ од с. Гнеотино, уште со: обавување промет со разни прехранбени стоки, колонијални производи, разни конзервирани деликатесни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, печиво, сувомесни производи, овошје и производи од овошје, цигари, кибрит како и разни стоки за домаќинството.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 393/1 од 18. IV. 1968 година на работничкиот совет на Земјоделско сточарско стопанство „11 октомври“, с. Гнеотино и решението бр. 08-33-15058 од 7. X. 1968 година на Пазарната инспекција на Собранието на општината Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 482/68. (2159)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 16. X. 1968 година, рег. бр. 9/55, книга II, е запишано следното: Се проширува дејноста на Угостителското претпријатие „Југославија“, под присилна управа — Прилеп, уште со: обавување угостителско-туристичка дејност со услуги и промет на сите видови топли и ладни јадења, сите специјалитети на скара, алкохолни и безалкохолни пијалоци, сувомесни производи, млечни производи, продавање на сите видови сувенири за туристи, разгледници, писма и возни и автобуски билети за превоз на патници.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката бр. 892 од 2.IX.1968 година од одборот за присилна управа на Угостителското претпријатие „Југославија“ од Прилеп и уверенијата на пазарната, санитарната и трудовата инспекција на Собранието на општината Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 475/68. (2161)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр 215, страна 683, книга I, е запишана под фирма: „Чик“ — чевларска индустрија — Куманово експорт импорт — Единица за обавување на промет во земјата — Куманово. Предмет на работењето на единицата е: преку трговска мрежа да врши продажба на сите видови машки, женски и детски чевли на фабриката, продажба на производи од други фабрики во земјата и странство кои го дополнуваат асортиманот на производите на фабриката, кожна галантерија од земјата и странство и женски чорапи.

Единицата е основана од работничкиот совет на „Чик“ — чевларска индустрија — Куманово — експорт импорт, со одлуката бр. 53 од 28. V. 1968 година.

В. д. раководител на единицата е Стојановски Бранко.

Единицата за обавување на промет во земјата — Куманово ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1113 од 26. XI. 1968 година. (2186)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 245, страна 687, книга I, е запишано следното: Досегашниот директор на „Југо-тутун“ — здружено претпријатие — Скопје — Организација во состав за производство и обработка на тутун „Моша Пијаде“ — Неготино, Тодор Апостолов, е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување.

За директор на споменатата организација е назначен Дебников Димитар, инженер агроном, кој истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Јордан Насков, сметано од 5. VIII. 1968 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 903 од 6. XI. 1968 година. (2193)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 667, страна 475, книга IV, е запишана под фирма: Слаткарско претпријатие „Ванила“ — Скопје — Продавница број 22 во Скопје, ул. „Кочо Рацин“ бб. Предмет на работењето на продавницата е продажба на леб, бело печиво и бурек.

Продавницата е основана од работничкиот совет на Слаткарското претпријатие „Ванила“ — Скопје со одлуката бр. 02-983 од 24. VII. 1968 год.

Раководител на продавницата е Добевски Крсто.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

